Важи од 15.12.2016

# Временска рамка на старателски услуги

Со цел ефикасно спроведување на налозите за вршење на старателски услуги, клиентите се должни да ги достават истите, како и да обезбедат доволно парични средства/доволна количина на финансиски инструменти во рамки на следните предефинирани рокови согласно поединечните пазари:

## I. Македонија

А. Трансакции со хартии од вредност преку Македонска берза

- Налог за порамнување на склучена трансакција најдоцна до 10:00 часот (CET) наредниот ден (T+1);
- Средства за порамнување на трансакцијата еден ден пред порамнувањето (S-1) или најдоцна до 08:30 часот (CET) на денот на порамнување (S).

Б. Трансакции државни хартии од вредност од издавач (примарен пазар)

- Налог за порамнување на склучена трансакција најдоцна до 10:00 часот (CET) наредниот ден (T+1);
- Средства за порамнување на трансакцијата најдоцна до 08:30 часот (CET) на денот на порамнување (S).

В. Трансакции со државни хартии од вредност на пазарот преку шалтер

- Налог за порамнување на склучена трансакција на денот на тргување, веднаш по склучување на трансакцијата (T+0);
- Средства за порамнување на трансакцијата на денот на тргување, веднаш по склучување на трансакцијата (T+0).

## II. Странски пазари

А. Купување/ продавање на хартии од вредност во странство

- Налог за порамнување на склучена трансакција најкасно до 09:00 часот (CET) наредниот работен ден по извршеното тргување (T+1);
- Средства за порамнување на трансакцијата најдоцна до 12:00 часот (CET), ден пред порамнување (S-1).

Банката го задржува правото на измена на роковите.
За сите дополнителни информации поврзани со временската рамка Клиентот може да ја контактира Банката, Дирекцијата за услуги со хартии од вредност.

Значење на поими:
*T – ден на тргување*
*S – ден на порамнување*
*CET – средноевропско време*